20251543372

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУТУН, ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јули 2025 година.

Бр. 08-4176/1
24 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУТУН, ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 27/20 и 56/21), во членот 3 точката 42 се менува и гласи:

„Промет на необработен тутун во смисла на овој закон е увоз на необработен тутун наменет за обработка.“.

Член 2

Членот 6 се менува и гласи:

„Одредбите на овој закон не се однесуваат на зелени делови од тутунското растение, необработен или обработен тутун наменети за наставно-научни цели и за сопствените потреби на правните лица кои се запишани во Регистарот на откупувачи на тутун и во Регистарот на производители и увозници на производи од тутун во количини не поголеми од три килограми (лабораториски истражувања, анализи, тестирања, опити и експерименти), за саемски манифестации и за трговски изложби.

Одредбите на овој закон не се однесуваат на производи од тутун и сродни производи наменети за наставно-научни цели и за сопствените потреби на правните лица кои се запишани во Регистарот на откупувачи на тутун и во Регистарот на производители и увозници на производи од тутун и сродни производи за лабораториски истражувања, анализи, тестирања, опити и експерименти, за саемски манифестации и за трговски изложби.“.

Член 3

Во член 10 во ставот 1 по зборовите: „по реколти поединечно“ се додаваат зборовите: „увезени количини необработен тутун“.

Член 4

Во членот 27 став 1 алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„- простории за сместување на откупениот тутун во сопственост или со договор за закуп од најмалку три години,

- соодветна опрема за индустриска обработка на тутун сместена во просторијата за индустриска обработка на тутун во сопственост, со договор за закуп или договор за услуги од најмалку три години.“.

Член 5

Во член 28 став 1 алинејата 3 се менува и гласи:

„- доказ дека располага или користи на услуга соодветна опрема за откуп и индустриска обработка на тутун сместена во просторијата за индустриска обработка на тутун,“.

Член 6

Членот 41 се менува и гласи:

„Откупувачот на тутун е должен да води посебна евиденција за откупените, увезените и обработените количини на тутун и да ги внесе во ИСЕТ од членот 10 од овој закон.

Откупените количини на тутун од тековната реколта, откупувачот на тутун е должен да ги внесе во ИСЕТ од членот 10 од овој закон најдоцна до 31 март во наредната година.

Увезените и обработените количини на тутун од претходниот месец, откупувачот на тутун е должен да ги внесе во ИСЕТ од членот 10 од овој закон најдоцна до петнаестти во наредниот месец.

Формата и содржината на евиденциите за откупените, увезените и обработените количини на тутун, начинот на водењето како и доставувањето на евиденцијата, ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.“.

Член 7

Во член 43 во ставот 1 по зборовите: „необработен тутун“ се додаваат зборовите: „од увоз“.

Член 8

Во членот 45 по ставот 1 се додава став 2 кој, гласи:

„Се забранува увоз на необработен тутун, тутун сушен на сонце (sun – cured), од страна на регистрираните откупувачи на тутун за време на периодот на откуп на тутун од домашно производство, односно од 16 ноември во тековната година до 28 февруари во наредната година.“.

Член 9

Во член 99 став 1 во точката 14) по зборовите: „необработен тутун“ се додаваат зборовите: „од увоз“.

Член 10

Во член 102 став 1 во точката 4) по зборот „откупените“ се додава зборот „увезените“.

„Во точката 5) буквата „и“ на крајот од реченицата се брише и се додава нова точка 6), која гласи:

6) Увезените и обработените количини на тутун од претходниот месец не ги внесе во ИСЕТ најдоцна до петнаесетти во наредниот месец (член 41 став 3) и''.

Точката 6) станува точка 7).

Во ставот 2 по зборовите: „ставот 1“ се додаваат зборовите: „точки 1) и 2)“.

Во ставот 4 зборовите: „точка 5)“ се заменуваат со зборовите: „точка 6)“.

Член 11

Правните лица (откупувачи на тутун, извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи) и највисоката асоцијација на тутунопроизводители од овој закон, се должни да го усогласат своето работење во согласност со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 12

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од осум месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот 1 на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.